Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ВАУЧЕР ЗА НЕФОРМАЛНА ДЕТСКА ГРИЖА

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

август 2025 година

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка*.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_________________

Борислав Крмов_________________

Реџеп Исмаил_________________

Јована Мојсоска_________________

Амар Мециновиќ_________________

Сашко Јанчев_________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во секое општество, грижата за децата е темел на иднината. Во услови на зголемени социјални и економски предизвици, и иако постојат институционални форми на детска заштита како градинки и дневни центри, реалноста покажува дека илјадници семејства – особено оние од социјално или економски ранливи средини, се потпираат на поддршката од роднини, соседи или блиски пријатели за секојдневната грижа за нивните деца - како алтернатива на организираните институции за детска заштита, до чии услуги пристапот не е еднакво возможен за сите.

Овие форми на неформална грижа, која често се одвива далеку од очите на системот, често остануваат невидливи во системот, недоволно вреднувани, и во краен случај неплатени и нерегулирани, иако имаат суштинска улога во обезбедување на стабилна и поттикнувачка средина за децата.

Нееднаквата можност во пристапот до установите за институционална детска грижа како и растечката миграција на младите родители поради тоа, ја раѓаат потребата на државата да го препознае трудот на овие неформални грижители, да обезбеди финансиски стимул за нивната улога а со тоа да им овозможи услови на родителите при обезбедувањето на грижата кон своите малолетни деца.

Оттука Предлог-законот за ваучер за неформална детска грижа доаѓа како реакција на оваа реалност. Тој не го заменува постоечкиот систем, туку го дополнува и хуманизира, овозможувајќи на грижителите финансиска поддршка и формално признание, без да ја наруши природата на довербата и блискоста која ја карактеризира неформалната грижа. Целта на овој предлог закон е преку воведување на систем на вредносни ваучери за лицата кои редовно се грижат за деца, да ги препознае, охрабри и поддржи грижителите кои доброволно и одговорно придонесуваат за грижата и развојот на децата. Поради тие причини неопходно е да се донесе овој предлог закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на начела на афирмативност на неформалната детска грижа, социјална правда и еднаквост во остварувањето на универзалното начело на постапување во насока на најдобриот интерес на детето.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог на законот потребните финансиски средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република С. Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за ваучер за неформална детска грижа, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ВАУЧЕР ЗА НЕФОРМАЛНА ДЕТСКА ГРИЖА

**Цел на законот**

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и постапката за издавање и користење на вредносни ваучери кои се користат за лица кои се грижат за деца, надвор од организираната дејност на заштита на децата.

**Дефиниции**

Член 2

Одредени поими во овој закон го имаат следното значење:

1) „Дете“ е секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со попреченост до наполнети 26 години живот;

2) „Неформална детска грижа“ е грижа за дете која се обезбедува од страна на роднина, блиско лице или пријател на семејството, надвор од организираната дејност на заштита на децата, и која се одвива во домашни услови врз основа на доверба и согласност од родителот или старателот;

3) „Ваучер“ е финансиски инструмент кој се доделува од страна на државата на лицата кои вршат неформална грижа за децата;

4) „Грижител“ е лице кое редовно се грижи за дете или деца, без засновање формален работен однос како негувател;

5) „Редовна грижа за дете“ е постојано или повремено ангажирање во период од најмалку десет дена во месецот, на полнолетно лице во секојдневното згрижување, воспитување, надгледување и поддршка на детето, со цел обезбедување на безбедна, стабилна и поттикнувачка средина за неговиот раст и развој.

**Финансиска подршка**

Член 3

(1) Државата обезбедува финансиска поддршка преку систем на ваучери за лице кое врши редовна грижа за дете, надвор од државната организирана дејност на заштита на децата (во понатамошниот текст: грижител).

(2) Ваучерите се доделуваат на месечно ниво за периодот во кој грижителот врши редовна грижа за дете, во износ од по 6000 денари.

(3) Средствата од ваучерот не се наменски и може да се користат слободно во платниот промет кај сите економски оператори и правни субјекти основани согласно Законот за трговските друштва и друг закон.

(4) Ваучерот е деллив и може да се користи до исцрпување на средствата.

(5) Рокот на употреба на ваучерот е една година од денот на доделување.

(6) Средствата за ваучерите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, преку програми на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Начин на аплицирање**

Член 4

(1) Барањето за ваучер се поднесува до подрачниот центар за социјална работа со следните документи:

1) изјава на грижителот за редовна грижа за детето,

2) писмена согласност од родителот или старателот на детето за периодот во кој грижителот ќе се грижи за детето и

3) доказ дека грижителот не е вработен како професионален негуватeл.

(2) Право на ваучер има лице кое:

1) не е вработено како професионален негуватeл,

2) редовно се грижи за детето,

3) не користи друга форма на субвенција за истата намена и

4) има писмена согласност од родителот или старателот на детето.

(3) Подеталните услови за начинот за аплицирање, издавањето и дистрибуцијата на ваучерот, формата и образецот на барањето, како и начинот на водењето на евиденцијата за издадените и искористени ваучери, ги уредува министерот за социјална политика, демографија и млади.

**Надзор и контрола**

Член 5

Надзор и контрола над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за социјална политика, демографија и млади и Центарот за социјална работа.

Член 6

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегување на овој закон во сила.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 01 јануари 2026 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА
ЗАКОН ЗА ВАУЧЕР ЗА НЕФОРМАЛНА ДЕТСКА ГРИЖА

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи седум члена.

Со членовите од 1 до 6, е предвиден начинот, условите и лицата кои можат да користат ваучери за неформална детска грижа, надвор од организираниот систем на формална детска грижа од страна на државата.

Членот 7 го предвидува денот на влегување во сила на законот без вообичаениот уставен рок *vacatio legis* и почетокот на неговата примена.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение ќе ја стимулира неформалната грижа за малолетните деца, од страна на роднини, пријатели и други блиски лица, на детето и родителите на детето. Со што очекуваниот резултат е преку финансиско стимулирање и државно препознавање на овој тип на детска грижа, во одредена мера да се надминат проблемите со недостатокот на слободни места во градинките ширум државата, што и во случај на прием на детето во истите – за родителите претставува финанси товар.